ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Предмет: Известување**

Ве известуваме дека на седницата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија одржана на 21.04.2010 година е донесена Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко-консултативна – амбулантски (“ Службен весник на РМ” број 44/2010).

Со оваа одлука се утврдува дека референтните цени на пакетите на завршени епизоди на лекување ќе се применуваат од мај 2010 година. Примената е во согласност со Упатството за имплементација и дефинираните пакети со референтни цени и образци (пресметка, спецификација, фактура и збирен рекапитулар) кои се објавени на Web страницата на Фондот.

**Напомена**: Фондот, заедно со Лекарската комора и здравствените установи напорно работеа на овој голем проект веќе 8 месеци, од кои дури 6 месеци значеа и пробен период на фактурирање на здравствени услуги и по стариот начин, како и презентирање на пакетите на завршени епизоди на лекување во специјалистич-консултативна зз на сите ЈЗУ и ПЗУ.

Од тие причини напоменуваме дека од **1 мај 2010 година** секоја здравствена установа мора да ги почитува новите пакети и правилната пресметка на партиципација на осигурените лица.

Фактурите за извршените здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита до подрачните служби на Фондот нема да бидат прифатени доколку не се искажани по новиот начин.

Истовремено, Ве информираме дека за кратко време ќе го прилагодиме ДСГ групером за пакетите на завршени епизоди на лекување во специјалистичко-консултативна здравствена заштита да се презентираат електронски, со цел поедноставување на комуникацијата со Фондот.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија Ви стои на располагање за консултации на сл.телефон 02-3289-028 и e-mail **specijalisticki@fzo.org.mk**